Врз основа на член 13 став 1 од Законот за Државниот испитен центар („Службен весник на Република Македонија“ бр. 142/08, 148/09, 41/14, 55/16, 142/16 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 59/25) и член 5 став 1 од Правилникот за начинот, постапката и критериумите за избор на надворешни соработници на Државниот испитен центар бр. 01-440/3 од 28.12.2022 година, бр. 01-176/3 од 1.3.2023 година бр. 01-197/3 од 15.4.2024 година, бр. 01-109/3 од 11.2.2025 година и бр. 01-157/4 од 25.3.2025 и Концепцијата за државна матура, училишна матура и завршен испит во јавното средно образование од 2025 година, Државниот испитен центар Скопје распишува

# ЈАВЕН КОНКУРС

**за избор на надворешни соработници - претседатели и членови на државните матурски предметни комисии и преведувачи и независни читачи на испитниот материјал за потребите на државната матура**

**I. Државниот испитен центар распишува јавен конкурс за избор на надворешни соработници - претседатели и членови на државните матурски предметни комисии и преведувачи и независни читачи на испитниот материјал за потребите на државната матура.**

Надворешните соработници се ангажираат во улога на:

а) **претседатели и членови на државните матурски предметни комисии** за предметите:

1) **Српски јазик** – 1 (еден) претседател и 2 (два) члена и
2) **Италијански јазик** – 1 (еден) претседател и 2 (два) члена

б) **преведувачи на испитниот материјал од државната матура** за предметите*:*

1) **Математика** – 1 (еден) за превод од македонски јазик на албански јазик и обратно;
2) **Математика** – 1 (еден) за превод од македонски јазик на турски јазик и обратно;
3) **Естетика** – 1 (еден) за превод од македонски јазик на албански јазик и обратно;
4) **Македонски јазик на турски јазик и обратно** - 1 (еден) преведувач и
5) **Македонски јазик на албански јазик и обратно** - 1 (еден) преведувач

в) **независни читачи на испитниот материјал од државната матура** за предметите:

1) **Македонски јазик и литература** – 1 (еден) независен читач;
2) **Албански јазик и литература** – 1 (еден) независен читач;
3) **Турски јазик и литература** – 1 (еден) независен читач;
4) **Српски јазик и литература** – 1 (еден) независен читач;
5) **Англиски јазик** – 1 (еден) независен читач;
6) **Француски јазик** – 1 (еден) независен читач;
7) **Германски јазик** – 1 (еден) независен читач;
8) **Руски јазик** – 1 (еден) независен читач;
9) **Италијански јазик** – 1 (еден) независен читач;
10) **Математика** – 1 (еден) независен читач;
11) **Филозофија** – 1 (еден) независен читач и
12) **Естетика** – 1 (еден) независен читач.

**II. Услови кои треба да ги исполнуваат кандидатите кои конкурираат на јавниот конкурс и задолжителна документација која треба да ја достават.**

**а) Потребни услови за претседатели и членови на државните матурски предметни комисии и задолжителна документација која треба да ја достават:**

**а.1)** Кандидатите кои конкурираат за **претседатели** на државната матурска предметна комисија треба да ги исполнуваат следните услови:

- да се државјани на Република Северна Македонија;
- да имаат завршено најмалку академски студии од втор циклус од соодветната област;
- да се од редот на наставно-научниот или стручниот кадар од универзитетите во РСМ од соодветниот предмет, односно соодветната област;
- да имаат најмалку 5 (пет) години работно искуство во воспитно-образовна или научна дејност и
- да имаат објавено стручни, односно научни трудови кои се во функција за соодветната област.

Кандидатите кои конкурираат за **претседатели** на државната матурска предметна комисија задолжително ја доставуваат следнава документација:

- пополнета пријава (образецот на пријавата е поставен на веб-страницата: www.dic.edu.mk);
- кратка биографија;
- уверение за државјанство;
- копија од уверението/дипломата за завршени академски студии од втор циклус од соодветната област, заверена на нотар;
- потврда за заснован редовен работен однос како дел од наставно-научниот или стручниот кадар од универзитетите во РСМ од соодветниот предмет, односно соодветната област;
- потврда за најмалку 5 (пет) години работно искуство во воспитно-образовна или научна дејност и
- копија од првата страница од објавените стручни, односно научни трудови кои се во функција за соодветната област.

**а.2)** Кандидатите кои конкурираат за **членови** на државните матурски предметни комисии, треба да ги исполнуваат следните услови:

- да се државјани на Република Северна Македонија;
- да имаат завршено најмалку академски студии од прв циклус од соодветната област;
- да се од редот на стручните лица-наставници од соодветниот наставен предмет во средните училишта во РСМ, но доколку такви нема пријавено ќе се земат предвид и наставници по соодветниот наставен предмет во основните училишта во РСМ;
- да имаат најмалку 7 (седум) години работно искуство во настава и
- да имаат најмалку 3 (три) години искуство во процесот на оценување на екстерните испити од државната матура. По исклучок доколку не се пријават доволно кандидати, ќе се земат предвид лица и со помало или без искуство во процесот на оценување.

Кандидатите кои конкурираат за **членови** на државните матурски предметни комисии задолжително ја доставуваат следнава документација:

- пополнета пријава (образецот на пријавата е поставен на веб-страницата: www.dic.edu.mk);
- кратка биографија;
- уверение за државјанство;
- копија од уверението/дипломата за завршени академски студии од прв циклус од соодветната област, заверена на нотар;
- потврда дека се од редот на стручните лица-наставници од соодветниот наставен предмет во средните или основните училишта во РСМ;
- потврда за најмалку 7 (седум) години работно искуство во настава и

- доказ за најмалку 3 (три) години искуство во процесот на оценување на екстерните испити од државната матура (решение, договор или потврда) доколку го има.

Претседателите и членовите треба да имаат искуство во подготовка на испитен материјал.

**б) Потребни услови за преведувачи на испитниот материјал од државната матура и задолжителна документација која треба да ја достават:**

Кандидатите кои конкурираат за **преведувачи,** треба да ги исполнуваат следните услови:

- да се државјани на Република Северна Македонија;
- да имаат завршено најмалку академски студии од прв циклус од соодветната област;
- да се од редот на наставниците од соодветниот наставен предмет во средните училишта во РСМ или од редот на наставно-научниот или стручниот кадар од универзитетите во РСМ за соодветниот предмет, односно соодветната област;
- да имаат најмалку 3 години работно искуство во настава и
- да бидат одлични познавачи на изворниот јазик (јазикот од кој се преведува материјалот) и на целниот јазик (јазикот на кој се преведува материјалот).

Кандидатите за **преведувачи,** потребно е да ги достават следните документи:

- пополнета пријава (образецот на пријавата е поставен на веб-страницата: www.dic.edu.mк);
- уверение за државјанство;
- копија од уверението/дипломата за соодветно високо образование и
- оригинал потврда за заснован редовен работен однос и соодветно работно искуство од најмалку 3 години како наставник од соодветниот предмет издадена од средните училишта во РСМ или како дел од наставно-научниот или стручниот кадар од универзитетите во РСМ за соодветниот предмет, односно соодветната област, издадена од универзитетите во РСМ.

**в) Потребни квалификации за независни читачи на испитниот материјал од државната матура и задолжителна документација која треба да ја достават:**

Кандидатите кои конкурираат за **независни читачи,** треба да ги исполнуваат следните услови:

- да се државјани на Република Северна Македонија;
- да имаат завршено најмалку академски студии од втор циклус од соодветната област;
- да се од редот на наставно-научниот или стручниот кадар од универзитетите во РСМ од соодветниот предмет, односно соодветната област;
- да имаат најмалку 5 години работно искуство во воспитно-образовна или научна дејност;
- да имаат објавено стручни, односно научни трудови кои се во функција за соодветната област.

Кандидатите за **независни читачи,** потребно е да ги достават следните документи:

- пополнета пријава (образецот на пријавата е поставен на веб-страницата: www.dic.edu.mк);
- уверение за државјанство;
- копија од уверението/дипломата за соодветно високо образование;
- копија од уверението/дипломата за образование од втор циклус од соодветната област;
- оригинал потврда за заснован редовен работен однос како дел од наставно-научниот или стручниот кадар од универзитетите во РСМ од соодветниот предмет, односно соодветната област и соодветно работно искуство од најмалку 5 години во воспитно-образовна или научна дејност;
- копија од првата страница од објавените стручни, односно научни трудови кои се во функција за соодветната област.

**III.** Државниот испитен центар ќе врши селекција според горенаведените критериуми, а со кандидатите кои ги исполнуваат условите наведени во конкурсот ќе се спроведе интервју, освен кај кандидатите за преведувачи на испитните материјали каде пред интервјуто прво ќе се направи проверка на кандидатите во врска со познавањето на изворниот јазик (јазикот од кој се преведува материјалот) и на целниот јазик (јазикот на кој се преведува материјалот), а само кандидатите кои ќе ја поминат проверката за познавање на јазикот ќе бидат повикани на интервју, по што ќе следи конечниот избор.

**IV.** Изборот на надворешни соработници - претседатели и членови на државните матурски предметни комисии и преведувачи и независни читачи на испитниот материјал од државната матура се врши на начин и во постапка утврдена со Правилникот за начинот, постапката и критериумите за избор на надворешни соработници на Државниот испитен центар.

**V.** Кандидатите кои ќе бидат избрани за претседатели и членови на државните матурски предметни комисии ќе бидат ангажирани **до крајот на учебната 2024/2025 година**, додека кандидатите кои ќе бидат избрани за преведувачи и независни читачи на испитниот материјал од државната матура ќе бидат ангажирани **до крај на учебната 2025/2026.**

**VI.** Рок за пријавување на заинтересираните кандидати е **7 (седум) дена**.

**VII.** Изборот на надворешните соработници ќе се изврши најдоцна во рок од 18 (осумнаесет) дена по истекот на рокот за пријавување.

**VIII.** Ненавремена, невалидна и некомплетна документација, нема да биде предмет на разгледување.

**IX.** Пријавата со потребната документација се доставува во Архивата на Државниот испитен центар (од 10:00 до 14:00 часот) или со препорачана поштенска пратка, на следнава адреса: *Државен испитен центар – Скопје ул. „Васил Ѓоргов" б.б. 1000 Скопје,* со назнака „**За јавен конкурс за надворешни соработници - ...“(се наведува за што се пријавува и предметот за кој се пријавува).**

**X. Дополнителни информации можат да се добијат на телефонскиот број 075/284-335 (*за претседатели и членови на државните матурски предметни комисии*) и 076/484-739 (*за преведувачи и независни читачи на испитниот материјал од државната матура*), секој работен ден од 10:00 до 14:00 часот.**

ДРЖАВЕН ИСПИТЕН ЦЕНТАР СКОПЈЕ